


# СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ
# Retail Product Development Associate

**Локација: СКОПЈЕ**

**Оддел:** Сектор за Население

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет**
**и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Идентификува пазарни потреби, трендови и можности за развој на нови или подобрување на постојни производи.
- Изготвува предлог-концепти, бизнис-кејсови и пресметки за нови производи.
- Предлага мерки за адаптација на тарифните и каматните услови на производите.
- Учествува во дефинирање на карактеристики, услови и цени (тарифи, каматни стапки.) за производите.
- Одговорен за креирање и ажурирање на Каталогот на производи.
- Следи продажни резултати, пазарни движења и активности на конкуренцијата.
- Подготвува редовни анализи, извештаи и предлози за оптимизација на производното портфолио.
- Анализира профитабилност по сегменти, суб-сегменти и групи на производи.
- Следи продажни резултати, пазарни движења и активности на конкуренцијата.
- Подготвува редовни анализи, извештаи и предлози за оптимизација на производното портфолио.
- Анализира профитабилност по сегменти, суб-сегменти и групи на производи.
- Учествува во тестирање на нови функционалности во банкарските системи.
- Изготвува бизнис (cost/benefit) анализи, кориснички спецификации и софтверски барања.
- Го следи целиот процес на имплементација на производите до нивното лансирање.
- Подготвува техничка и оперативна документација (опис на производи, процедури, упатства, формулари, брошури).
- Обезбедува усогласеност со внатрешни политики, регулативи и законска рамка.
- Управува со ажурирање на каматните стапки, тарифата, упатствата, формуларите и материјалите за поддршка на продажба.
- Обезбедува експертска поддршка на продажната мрежа при примената на производите.
- Учествува во интерни и екстерни комуникациски активности поврзани со производите (промоции, веб-страници, кампањи).
- Дава предлози за подобрување на процесите поврзани со продажба и користење на производите.
- Организира и учествува во обуки на вработените за производите и услугите за кои е одговорен.
- Учествува во проекти за екстерни партнерства, внатрешни проекти во банката како и во проекти на Групацијата.

## Кои квалификации се потребни

- Минимум ССС;
- Работно искуство во продажба и промоција на производи и услуги, остварување на таргети и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност;
- Активно познавање на работа со компјутер (МС Office);
- Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);
- Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, активна продажба, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на твоето CV на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **17.10.2025 година** со назнака **„Апликација за Соработник за Развој на Производи за Население“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!